## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“ ОД М-Р ГОРАНЧО АНГЕЛОВ, ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1902-102/15 од 14.11.2013 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 14.11.2013 год., избра рецензенти:

– проф. д-р Илчо Јованов, вонреден професор на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– проф. м-р Марјан Јанкоски, вонреден професор на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на „**СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ ТРАДИЦИОНАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ 1“** од **м-р Горанчо Ангелов**, доцент на Факултетот за музичка уметност.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „Скрипта по предметот Традиционални инструменти 1“ и го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

„**Скрипта по предметот Традиционални инструменти 1“** од **м-р Горанчо Ангелов** е од областа на традиционалните инструменти.

Скриптата содржи одреден опус на мелографии на традиционални вокални и инструментални напеви, интерпретирани од познати македонски вокалисти и инструменталисти на традиционални инструменти кои своето стекнато знаење го овековечиле преку тонските записи.

Преку овие нотни записи, на студентите по традиционални инструменти им се става на располагање дел од огромното народно музичко творештво, творештво на народните гении кое се таложело со векови наназад. Преку конкретните музички примери кое се поместени хронолошки, според опсегот, тонските низи и метроритмичките структури карактеристични за македонската традиционална музика, на студентите им се овозможува континуитет во работата. Преку наставата и преку иднивидуалното усовршување на инструментот (гајда, кавал, тамбура и тапанот кој што се базира на предвидените метроритмички структури) студентите ќе се оспособат за индивидуално и колективно музицирање. Преку приложените примери студентите имаат можност и теоретски да ги анализираат карактеристичните интервалски движења и соодноси, тонските низи во напевите, нивната градба, структура и форма, препознатливи и присутни во македонската традиционална музика.

Поместените мелографии кореспондираат со Наставниот план и програма на Факултетот за музичка уметност на Катедрата за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти, каде што се изучува предметот Традиционални инструменти 1. Предметот за којшто е наменета скриптата се слуша во втора година (трети семестар) со неделен фонд на часови 2+1+1 со 4 кредити.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот кој е поместен и елабориран во „Скрипта по предметот Традиционални инструменти 1" ги задоволува потребите на Наставниот план и програма по предметот Традиционални инструменти 1.

Според начинот на којшто е елаборирана материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта и сметаме дека истата, на студентите по Традиционални инструменти од Факултетот за музичка уметност ќе им биде послужи за полесно совладувањето на техниките на свирење, како и на вештините на автентична интерпретација кои го слушаат предметот Традиционални инструменти 1. А в т о р о т преку хронолошкото поместување на материјалот успеал да создаде солидна музичка база која обезбедува постапност во запознавањето со материјата што е предмет на изучување од страна на студентите по предметот Традиционални инструменти 1.

Поради претходо изнесеното, сметаме дека „Скрипта по предметот Традиционални инструменти 1" ги исполнува сите стандарди коишто се предвидени во програмата за студентите од втора година кои овој предмет го слушаат на Катедрата за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Марјан Јанкоски, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, вонреден професор, с.р.**